Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

# ПРЕДМЕТ НА НАБАВКА:

# ФИТНЕС И АУДИО ОПРЕМА

# <u>БР. НА ПОВИК 01/2026</u>

Кривогаштани,

Март, 2026 година

**ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ**

**1. Предмет на Набавка:**

Во рамките на проектот **„Младински политики по мерка на младите“** финансиран од владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас, „**УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани**“, има потреба од набавка на Фитнес и аудио опрема. Подетален опис на бараната опрема во Техничката спецификација за набавка која е составен дел од оваа тендерска документација.

**2. Период на спроведување:**

**Краен рок на испорака на техничката опрема во канцелариите на УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани е 12 .03 2026 година.**

**3. Содржина на понуда за набавка на ФИТНЕС И АУДИО ОПРЕМА за проектот „Младински политики по мерка на младите“.**

Понудата треба да ги содржи следните елементи:

**- Техничка Понуда** (во прилог на овој документ)
**- Финансиска понуда** (во прилог на овој документ)
**- Изјава од одговорно лице дека не е започната стечајна постапка и забрана за било каква професионална активност** (во прилог на овој документ)
**- Документ / Каталог** со комплетни информации за понудената опрема во согласност со бараните минимум технички спецификации

**4. Деливост на набавката.**

- Набавката не е делива.

**5. Основни критериуми за селекција**

- Квалитет
- Понудена цена на чинење

Понудувачите кои нема да достават комплетна документација, или доставиле понуда во несоодветна форма за понуда ќе бидат одбиени. Понудите треба да бидат испратени на македонски јазик. Единечните цени потребно да ја вклучат цената на чинење без ДДВ.

**6. Услови и начин на плаќање**

Плаќањето ќе се реализира во рок од 8 работни дена по реализација на услугата (достава на опрема), односно:

- По доставена фитнес и аудио опрема во канцеларијата на Урбано Гнездо Кривогаштани и обезбедена обука за користење на опремата.
- По доставување на фактура и испратница за извршената набавка.
- По проверка на спецификациите на доставената опрема и квалитетот на истата.

**7. Критериуми за учество на понудувачот**

Понудувачот треба да биде **правно лице или трговец поединец** регистриран за дејност која е поврзана со **трговија, дистрибуција или производство на фитнес и спортска опрема**.

- **Искуство:**
  Понудувачот треба да има **најмалку едно (1) успешно реализирано снабдување со слична фитнес опрема** во изминатите **три (3) години**, потврдено со **договор или потврда за извршена набавка**.

- **Техничка способност:**
  Понудувачот треба да може да обезбеди:
  - **Испорака и монтажа** на опремата на лице место,
  - **Минимална гаранција** од **2 (две) години** за исправност и функционалност на опремата,
  - **Овластен сервис** или техничка поддршка во рамки на гаранцискиот рок.

**8. Начин на доставување на понудите**

**Краен рок за доставување на понуда е 12. 03. 2026, најдоцна до 16:00 часот.**

**Понудите треба да бидат доставени по електронски пат на Е-маил адреса:**
urbanognezdokrg@outlook.com

Понудите поднесени по е-маил мора да бидат скенирани со потпис и печат од одговорното лице.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

За подетални информации може да не контактирате на е-маил адреса: **urbanognezdokrg@outlook.com** или телефон: 077.791-167, најдоцна до 12.03.2026 година.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

**СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА НАБАВКА НА ФИТНЕС И АУДИО ОПРЕМА**

## 1. ПОЗАДИНА

Во рамките на проектот **„Младински политики по мерка на младите“** финансиран од владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас, **„УРБАНО ГНЕЗДО“**, ги поканува сите заинтересирани правни лица да доставаат понуда на повикот за техничка опрема.

Проектот „Младински политики по мерка на младите“ има за цел вклучување на граѓанските организации во развојот на политики и процесите на донесување одлуки преку соработка и дијалог со властите.

**Проектот е финансиски поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика Мобилитас.**

## 2. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

| Број | Име на предмет | Технички спецификации | Квантитет (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | ЗВУЧНИК | **Минимум спецификации:**<br>Total output power: 480 W<br>6.5inc Wireless Subwoofer<br>Dolby Atmos<br>Dolby Digital<br>**Испорака во УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани** | 1 |
| 2. | Набавка на<br>Преса за рамена (Seated Shoulder Press) | **Минимум спецификации:**<br>**Димензии на производот (Д × Ш × В):** 1579 × 1520 × 1069 mm / 62.2 × 59.8 × 42.1 in<br>**Тежина на производот:** TBD (ќе се одреди)<br>**Максимален капацитет на тежина:** 300 kg / 661.4 lbs<br>**Рамка: изработена од висококвалитетен челик, со прашкасто електростатско бојадисување за отпорност на 'рѓа, влага и механички оштетувања.**<br>**Седиште и потпирач за грб: изработени од високо густинска пена (foam) обложена со винил или еко кожа, отпорна на пот и абење.**<br>**Рачки: покриени со гумен или неопрен материјал против лизгање и за поголема удобност при вежбање.**<br>**Испорака во УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани** | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Набавка на<br><br>Преса за гради (Seated Chest Press) | **Минимум спецификации:**<br><br>**Димензии на производот (Д × Ш × В):** 1276 × 984 × 1248mm/50.2×38.7×49.1in<br>**Тежина на производот:**64.2kg / 141.5 lbs<br>**Максимален капацитет на тежина:** 200 kg / 440.9 lbs<br><br>**Рамка:** висококвалитетен **челик (обично правен од челични профили со прав агол или овална цевка)**, со **прашкасто боено (powder-coated)** завршување за заштита од 'рѓа и гребнатини.<br><br>**Седиште и потпирач:** изработени од **високо густинска пена (foam)** обложена со **винил или еко кожа** отпорна на пот и абење.<br><br>**Рачки:** покриени со **неопрен или гумен материјал** за подобар стисок и удобност.<br><br>**Испорака во УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани** | 1 |
| 4. | Веслање (Seated Row) | **Минимум спецификации:**<br><br>Димензии на производот (Д × Ш × В):<br><br>1470 × 1020 × 1340 mm<br><br>(57.9 × 40.2 × 52.8 in)<br><br>Тежина на производот:<br><br>77.5 kg (170.9 lbs)<br><br>**Рамка:** изработена од **висококвалитетен конструкциски челик**, со **прашкасто електростатско бојадисување** за долготрајна заштита од 'рѓа, влага и оштетувања.<br><br>**Седиште и потпирач за гради:** изработени од **високо густинска пена (foam)** обложена со **винил или еко кожа** отпорна на пот, абење и кинење. | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Рачки:** ергономски обликувани и обложени со **гумен или неопрен материјал** против лизгање и за удобен стисок.<br><br>Максимален капацитет на тежина:<br><br>200 kg (440.9 lbs<br><br>**Испорака во УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани** | |
| 5. | Трака за трчање (Star Track) | **Минимум спецификации:**<br><br>Star Track 7600 Pro<br><br> **Рамка:** изработена од **висококвалитетен челик**, со **прашкасто електростатско бојадисување** за **отпорност на корозија, влага и механички оштетувања**.<br><br>**Платформа за трчање:** изработена од **MDF (медијапан со висока густина)** со **антистатичка и амортизирачка обвивка**, која ја апсорбира силата на чекорите и го намалува оптоварувањето на зглобовите.<br><br>**Појас (траката):** направен од **мултислоен PVC или PU материјал**, со **антилизгачка и издржлива површина**, дизајниран за тивко и мазно движење.<br><br>**Мотор: DC или AC електромотор** (во зависност од моделот Star Track), со **термичка заштита** и **систем за амортизација**.<br><br>**Рачки и странични потпори:** обложени со **мека гума или неопрен** за удобност и стабилност при користење.<br><br>**Дисплеј конзола:** изработена од **ABS пластика** со **LED или LCD екран**, со контроли за брзина, наклон, време, растојание, калории и пулс.<br><br>**Систем за амортизација: еластомери или воздушни амортизери**, поставени под платформата за намалување на ударите при трчање.<br><br>**Заштитни елементи: пластични странични обвивки** и | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **гумени подлоги** на постојките за заштита на подот и стабилност.<br><br>Димензии (Д х Ш х В) 215 cm x 86 cm x 147 cm<br><br>Површина за трчање Прибл. 152 cm x 51 cm<br><br>Максимална тежина на корисник 180–200 кг<br><br>Напојување 220V / 50-60Hz **Испорака во УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани** | |
| 6. | Тежини за справи | 2 x 2,5 кг; 4 x 5 кг и 2 x 10 кг<br>вкупно 45 килограми<br><br>**Испорака во УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани** | |
| 7. | Еднорачни тегови | 2 x 5 кг; 2 x 10 кг; 2 x 15 кг<br>вкупно 60 кг.<br><br>**Испорака во УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани** | |

**Дел I - Техничка понуда**

Понудувач: ___________________________________________________________________________

Архивски број и датум: _____________________________

**До:**

**УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани**

**Македонски Просветители бр.33, 7524 Кривогаштани**

**П О Н У Д А**

Број на повикот: 01/2026

Датум: ___02.03.2026_____________

По разгледувањето на тендерската документација, ја доставуваме нашата понуда со сета барана придружна документација.

Согласни сме да ги обезбедиме следните услуги, во согласност со тендерската документација: **ФИТНЕС И АУДИО ОПРЕМА за проект ” Младински политики по мерка на младите ”.**

Нашата понуда важи за периодот утврден во документацијата.

Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во документацијата.

**<u>Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот:______________________________________________________

1.2. Контакт информации

- Адреса:_______________________________________________________
- Телефон:______________________________________________________
- Факс:_________________________________________________________
- Е-пошта:______________________________________________________
- Лице за контакт: _______________________________________________

I.3. Одговорно лице:_____ ___________________________________________________

Одговорно лице на понудувачот

_________________________________

**Дел II – Финансиска понуда техничка опрема**

Вкупната цена на нашата понуда изнесува: ___________ МКД (се наведува вкупниот износ без ДДВ).

Понудуваме извршување на услугите согласно нашата финансиска понуда дадена во табелата:

| **Р. бр.** | **Услуга** | **Единечна цена без ДДВ** | **Количина** | **Вкупна цена без ДДВ** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Преса за рамена (Seated Shoulder Press)** | | 1 (парче) | |
| 2. | **Преса за гради (Seated Chest Press)** | | 1 (парче) | |
| 3. | **Веслање (Seated Row)** | | 1 (парче) | |
| 4. | **Трака за трчање (Star Track)** | | 1 (парче) | |
| 5. | **Тежини за справи** | | 45 (кг) | |
| 6. | **Набавка на звучник** | | 1 (парче) | |
| 7. | **Еднорачни тегови** | | 6 (парчиња) | |

| | |
|---|---|
| **Вкупно без ДДВ** | |

Одговорно лице на понудувачот

________________________________

# И З Ј А В А

Изјавуваме дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќаме сите услови од тендерската документација за набавка на **ФИТНЕС И АУДИО ОПРЕМА за проектот "Младински политики по мерка на младите"**, по повик бр. 01/2026 врз основа на кои ја поднесуваме нашата понуда. Согласни сме тие услови во целост да претставуваат составен дел на договорот.

Изјавуваме дека против нас не е поведена стечајна постапка и немаме забрана за вршење на дејност.

На Ваше барање ќе ви ги доставиме сите документи утврдени во барањето за понуди потребни за докажување на исполнувањето на овие критериуми.

Место и датум:

Понудувач

________________________

Потпис и печат